СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# ТРОШОЦИ ОД НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ

--тематска анализа --

Фросина Дониновска Сусинов
истражувач и аналитичар по современи политички системи

март, 2021 година

# СОДРЖИНА

РЕЗИМЕ ..... 2
ВОВЕД ..... 3
Видови на трошоци и кој ги сноси? ..... 4
I Директни трошоци од насилството врз жените ..... 4
II Индиректни трошоци ..... 4
Преземање дејства за спречување насилство врз жените ..... 6
Преземање акции да се одговори на родово засновано насилство ..... 6
Родово одговорно буџетирање ..... 7
ЛИСТА НА ИЗВОРИ ..... 9

**РЕЗИМЕ**

Насилството врз жените е глобална пандемија што ги погодува сите земји, од земјите со низок, до среден и висок приход. Насилството врз жените е фундаментално кршење на човековите права кое бара итно и многу поголемо внимание, инвестиции и активности од страна на државите, донаторите и приватниот сектор.

Во 2016 година, глобалната цена на насилството врз жените беше проценета на 1,5 трилиони американски долари од страна на ОН, што е еквивалентно на приближно 2% од глобалниот бруто домашен производ (БДП), или приближно колку целата канадска економија.

Трошоците за насилството врз жените можат да бидат и директни и индиректни, а се направени од жените и нивните семејства, од сторителите и нивните семејства и од државните и недржавните институции. Жените кои се жртви на насилство го сносат најголемиот дел од трошоците - дури шестпати повеќе од трошоците на државата.

Согласно анализите на Европскиот институт за родова еднаквост (EIGE) цената на родово засновано насилство низ државите на ЕУ е 366 милијарди евра годишно. Насилството врз жените сочинува 79% од овој трошок, што изнесува 289 милијарди евра.

Постојат неколку ветувачки интервенции околу справувањето со насилството врз жените, вклучително и превентивниот пристап. Некои стратегии усвоени во земјите со низок и среден приход околу насилството од интимниот партнер, кои се добро поддржани со докази, вклучуваат воведување на програми во училиштата за решавање на родовите норми и ставови уште од најрана возраст. Други со нови докази вклучуваат социјален маркетинг за менување на социјалните норми, скрининг и програми за упатување и превенција.

Одредени земји преземаа активности за имплементација на родово одговорно буџетирање со цел спречување на насилството врз жените. Родово одговорен буџет може да се користи за да се оцени како се распределуваат и трошат јавните ресурси за унапредување на родовата еднаквост, што вклучува превенција и одговор на насилството врз жените.

## ВОВЕД

Предмет на оваа истражувачка работа е анализа на трошоците од насилството врз жените и семејното насилство на светско ниво.

Насилството врз жените е глобална пандемија што ги погодува сите земји, од земјите со низок до среден и висок приход.[1] Насилството врз жените е фундаментално кршење на човековите права кое бара итно и многу поголемо внимание, инвестиции и активности од страна на државите, донаторите и приватниот сектор. Ова вклучува финансирање на граѓански организации, особено организации за правата на жените, чија работа за превенција и одговор имаа вистинско влијание во животите на жените и девојките и чии напори за застапување се покажаа дека позитивно ги менуваат законите[2]. Државите што ги ратификуваа релевантните меѓународни договори, како што се Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените, Меѓународната конвенција за граѓански и политички права и Меѓународната конвенција за економски, социјални и културни права, си поставија јасни обврски за заштита на граѓаните, а особено заштита на жените од сите форми на насилство. Исто така, важно е донаторите да инвестираат/продолжат да инвестираат во решавањето на ова прашање, бидејќи на земјите со низок и среден приход често им недостасуваат ресурси за ефикасна борба против насилството врз жените. Улогата на приватниот сектор е исто така од огромно значење. Спречувањето на насилството врз жените на работното место не е само добра „инвестиција“, туку и одразува посветеност на социјална и правна одговорност во решавањето на прашањата со кои се соочуваат вработените.

Во 2016 година, глобалната цена на насилството врз жените беше проценета на 1,5 трилиони американски долари од страна на ОН, што е еквивалентно на приближно 2% од глобалниот бруто домашен производ (БДП), или приближно колку целата канадска економија[3].

Разбирањето на трошоците на насилството врз жените дава дополнителни аргументи зошто спречувањето и одговорот на насилството врз жените треба да биде врвен приоритет за владите, донаторите и приватниот сектор. Додека жртвите од насилство го носат најголемиот товар на трошоци, вклучително социјални, емоционални и економски, државите сносат значителни трошоци во однос на испораката на услуги по насилството, а приватниот сектор го носи товарот на намалената продуктивност што произлегува од насилството врз жените. Трошоците значително се намалуваат кога на прво место се спречува насилството да се случи (примарна превенција).

Истражувањата покажуваат дека инвестирањето во спречување на насилството претставува поисплатлив пристап за државите. Едноставно кажано, со инвестирање во ефективна имплементација на решенија за однесување, правни

---

[1] Изјава на Генералниот сектерат на ОН, Бан Ки Мун на Меѓународниот ден за спречување на насилството врз жените, 25 ноември. Официјална интернетска страница на ОН. https://www.un.org/sg/en/content/sg/speeches/2014-11-25/remarks-international-day-elimination-violence-against-women (пристапено на: 1.3.2022).

[2] Weldon, S. Laurel, and Mala Htun. "Feminist mobilisation and progressive policy change: why governments take action to combat violence against women." Gender & development 21.2 (2013): 231-247.

[3] The economic costs of violence against women. *Remarks by UN Assistant Secretary-General and Deputy Executive Director of UN Women, Lakshmi Puri at the high-level discussion on the "Economic Cost of Violence against Women. UN Women.* *https://www.unwomen.org/en/news/stories/2016/9/speech-by-lakshmi-puri-on-economic-costs-of-violence-against-women*

и регулаторни решенија, државите ќе заштедат на трошоците за одговор кон насилството. Понатаму, истражувањата покажаа дека спречувањето на насилството врз жените може да ги подобри придобивките од продуктивноста за приватниот сектор[4].

Оваа истражувачка работа е изработена **по сопствена иницијатива** во Собранието на Република Северна Македонија согласно *Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт.*

### Видови на трошоци и кој ги сноси?

Трошоците за насилството врз жените можат да бидат и директни и индиректни, а се направени од жените и нивните семејства, од сторителите и нивните семејства и од државните и недржавните институции. Жените кои се жртви на насилството го сносат најголемиот дел од трошоците - дури шест пати повеќе од трошоците на државата[5].

Во оваа насока се разликуваат два вида трошоци: директни и индиректни.

### I Директни трошоци од насилството врз жените

Директни трошоци од насилството врз жените се оние направени за справување или одговор на тоа насилство и ги вклучуваат следните трошоци:

*За жртвите и за нивните семејства:* тие ги вклучуваат трошоците поврзани со барање медицинска и здравствена помош вклучително и советување; правни совети и активности; трошоци за патување и сместување поврзани со барање медицинска и правна помош. Во некои случаи, директните трошоци ги вклучуваат оние поврзани со преместување и барање засолниште од насилство.

*За сторителите*: овие директни трошоци вклучуваат парични трошоци за плаќање казни и правни такси.

*За државата*: директните трошоци ги вклучуваат услугите за превенција и поддршка што ги обезбедуваат релевантните владини институции, како и ефектите од изгубената продуктивност врз националниот БДП поради отсуство на жртвите и сторителите.

*За недржавните актери* кои ги сносат трошоците поврзани со превенција и одговор на насилството врз жените, трошоците за застапување за креирање и спроведување на закони и политики и трошоци поради изгубена продуктивност и отсуство од работа.

### II Индиректни трошоци

Индиректни трошоци се оние што следуваат по актот на насилство врз жените. Тие вклучуваат опортунитетни трошоци настанати, на пример, кога едно лице не

[4] Counting the Cost: The Price Society Pays for Violence Against Women. CARE Australia, 2017 & CARE International Sri Lanka, 2014. https://www.care-international.org/files/files/Counting_the_costofViolence.pdf (пристапено на: 1.3.2022).
[5] Walby, S. (2004) The Cost of Domestic Violence, p.97-98. London: Women and Equality Unit, Ministry of Women and Equality. https://eprints.lancs.ac.uk/id/eprint/55255/1/cost_of_dv_report_sept04.pdf (пристапено на: 1.3.2022).

може целосно да учествува во економската активност како резултат на насилство. Специфичните индиректни трошоци се:

*За жртвите:* оние поврзани со губење на приход и продуктивност поради повреда, неспособност за работа/принудени да отсуствуваат од работа како резултат на насилството.

*За сторителите:* губење на приход поради служење затворска казна или криење.

Некои студии за проценка на трошоците ги опфаќаат и трошоците за насилството врз жените на работното место. Студијата на Меѓународната организација на трудот (ILO)[6], покажа дека загубите од стрес и насилство на работното место се проценети на 1% до 3,5% од БДП. Оваа студија го прошири предметот на дефиниција на насилството врз жените при што го опфати и насилството на работното место за да вклучи психичко насилство, како што се сексуално вознемирување и малтретирање.

Европскиот институт за родова еднаквост (EIGE) процени дека цената на родовото насилство низ државите на ЕУ изнесува околу 366 милијарди евра на годишно ниво. Насилството врз жените сочинува 79% од овој трошок, што изнесува 289 милијарди евра.

Човечкиот живот, болката и страдањето немаат цена. Сепак, познавањето на цената на насилството може да им помогне на земјите на ЕУ да ги насочат средствата и ресурсите таму каде што се навистина потребни и онаму каде што е најисплатливо. Средствата потрошени за поддршка на жртвите не се доволни, бидејќи услугите како што се засолништата и шелтер-центрите сочинуваат само 0,4% од трошоците за родово базирано насилство. Според Карлиен Шеле, директорка на EIGE, земјите на ЕУ треба да инвестираат повеќе во активности кои го спречуваат насилството врз жените и ги штитат жртвите - ова е и морален императив, но и поисплатлив пристап“.

Истражувањето на EIGE ги анализира различните трошоци за родовото базирано насилство, со најголем трошок од физичкото и емоционалното влијание (56%), проследено со службите за кривична правда (21%) и изгубениот економски аутпут (14%). Други трошоци може да вклучуваат услуги за граѓанска правда (за разводи и постапки за старателство на деца на пример), помош за домување и заштита на деца. Ова директно ја поврзува цената на родовото насилство во секоја земја членка на ЕУ со големината на нејзиното население. Бидејќи истражувањето на EIGE вклучува преглед на постојните методологии за пресметување на трошоците за родово базирано насилство, земјите членки на ЕУ може да го искористат ова како основа за проценка на сопствените домашни трошоци кои произлегуваат од родово засновано насилство.

За да се обезбеди точна пресметка на трошоците од родово засновано насилство, на земјите на ЕУ им требаат детални податоци од јавните служби

---

[6]Hoel, H., Sparks, K. & Cooper, C.L. (2001). *The Cost of Violence/Stress at Work and the Benefits of a Violence/Stress Free Working Environment*, p.5. International Labour Organization, Geneva, Switzerland https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---ed_protect/---protrav/--safework/documents/publication/wcms_108532.pdf

како што се органите за спроведување на законот и правосудниот сектор. Бидејќи родовото насилство е недоволно пријавено, на земјите, исто така, им се потребни податоци од истражувањето за да добијат вистинска претстава за бројот на жртвите. Собирањето детални податоци за различните форми на родово базирано насилство е обврска според Истанбулската конвенција, која сите земји на ЕУ ја потпишаа, а 21 ја ратификуваа.

## Преземање дејства за спречување насилство врз жените

Спречувањето на насилството врз жените се однесува на низа активности кои се однесуваат на основните причини за ова насилство. Насилството врз жените произлегува од длабоко вкоренетите родови нееднаквости и општествени норми кои ја овековечуваат моќта на мажите над жените и девојчињата и толеранцијата за насилство. Некои активности за спречување на насилството врз жените вклучуваат:

• едукација на младите во училиштата и подигање на свеста меѓу заедниците, вклучително и за мажите и момчињата, за да се оспорат штетните родови стереотипи и општествени норми, промовирање на позитивни, еднакви и почитувани односи;

• да се направат домовите, работните места и јавните простори подостапни и побезбедни за жените;

• донесување и спроведување на политики и законодавство кои ја вградуваат родовата еднаквост и нулта толеранција за насилството врз жените;

• имплементација на медиумски кампањи кои укажуваат на штетните родови стереотипи и промовираат позитивни алтернативи.

Постојат неколку ветувачки интервенции околу справувањето со насилството врз жените, вклучително и превентивните напори. Некои стратегии усвоени во земјите со низок и среден приход околу насилството од интимниот партнер, кои се добро поддржани со докази, вклучуваат воведување на програми во училиштата за решавање на родовите норми и ставови. Други, со нови докази вклучуваат социјален маркетинг за менување на социјалните норми, скрининг и програми за упатување и превенција.[7]

## Преземање акции да се одговори на родово засновано насилство

Да се одговори на насилството врз жените значи да се обезбедат ефективни и одржливи услуги за поддршка за жените кои преживеале насилство. Тие вклучуваат:

• засолниште и домување за жртви и преживеани на насилство;

[7] Mercy, J., et al. *Interpersonal Violence: Global Impact and Paths to Prevention.* http://dcp-3.org/chapter/1219/interpersonal-violence-global-impact-and-paths-prevention
(пристапено на: 25.3.2022).

• правни услуги/помош (субвенционирана или бесплатна);

• медицински услуги вклучувајќи психосоцијална терапија и советување и пристап до групи за поддршка;

• поддршка за детска грижа;

• обука за работа и/или други форми на економска поддршка за жртвите.

Одредени земји преземаа активности за имплементација на родово одговорно буџетирање со цел спречување на насилството врз жените. Родово одговорен буџет може да се користи за да се оцени како се распределуваат и трошат јавните ресурси за унапредување на родовата еднаквост, што вклучува превенција и одговор на насилството врз жените[8].

## Родово одговорно буџетирање

Родово одговорно буџетирање е алатка која го анализира процесот на буџетирање од родова перспектива. Ваквата алатка најчесто се користи за вклучување на родовиот фокус при подготовката на владините буџети, планирањето, извршувањето и известувањето (буџетски циклус), како и други чекори помеѓу нив. Со цел успешно спроведување на родово одговорното буџетирање, потребно е целосно познавање на некои клучни области како на пример: какви се планираните и достапни услуги за спречување на насилството врз жените што најдобро може да се види од тековното законодавство или националните акциони планови; целосно познавање на националниот процес на буџетирање, вклучително и процесите на децентрализација; како и ангажирање на невладини организации (НВО) со експертиза во оваа област. Пристапот на родово одговорно буџетирање кон утврдување на трошоците може да ги идентификува празнините и слабостите во услугите или политиките поврзани со спречување на насилството врз жените за подобро управување со специјализираните и општите јавни и приватни услуги до кои може да пристапат жртвите. Накратко, тоа бара знаење на различни нивоа на интервенција, од законодавно и полициско ниво до буџетирање и услуги[9].

Некои земји се обидоа да дадат проценка на основните услуги за поддршка за спречување на насилството врз жените што дава одреден увид и разбирање на обемот на потребни инвестиции. Источен Тимор и Лаос (Лао ПДР) се едни од земјите каде што постои многу висока стапка на насилство врз жените. Во Источен Тимор, скоро 59% од жените изјавиле дека доживеале физичко или сексуално насилство од интимен или неинтимен партнер уште од својата 15 годишна возраст, а нешто повеќе од 46% во изминативе 12 месеци[10].

Во Лао ПДР, согласно податоците од една национална студија спроведена во 2015 година на 3.000 жени, една од три жени доживеала физичка, сексуална или

[8] Официјална интернетска страница на UN W0omen.(2013) Gender Responsive Budgeting | UN Women – Europe and Central Asia (пристапено на: 25.3.2022)
[9] *Ibid*, стр. 3.
[10] Официјална интернетска страница на UNFPA. (2017). VAW Map September 14 2017 (unfpa.org) (пристапено на: 25.3.2022).

емоционална злоупотреба од страна на партнерот[11]. Сепак, трошоците за справување со насилството врз жените се релативно ниски. Во Лао ПДР, трошоците за воспоставување и управување со пакет од такви услуги во временска рамка од три години се проценуваат на 13,5 милиони долари, или 0,25% од БДП; во Источен Тимор, овој пакет на услуги би чинел приближно 6 милиони долари во период од три години или 0,31% од БДП. Во вториот случај, ова е помалку од 0,5% од националниот буџет врз основа на тековното користење на услугите и само 1,9% од комбинираните буџети на министерствата задолжени да ги обезбедуваат овие услуги.

Изработила: Фросина Дониновска Сусинов

Согласна: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарен институт

______________________________

Златко Атанасов

[11]Duvvury et al., (2016). *Estimating Resource Requirements for Responding to Violence against women in South East Asia: Synthesis of Findings and Lessons*. https://www2.unwomen.org/-/media/field%20office%20eseasia/docs/publications/2016/06/estimating-cost-requirements-vaw-r3.pdf?la=en&vs=802 (пристапено на: 25.3.2022).

## ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. Изјава на Генералниот секретар на ОН, Бан Ки Мун на Меѓународниот ден за спречување на насилството врз жените, 25-ти ноември. Официјална интернетска страница на ОН. https://www.un.org/sg/en/content/sg/speeches/2014-11-25/remarks-international-day-elimination-violence-against-women
2. Weldon, S. Laurel, and Mala Htun. "Feminist mobilisation and progressive policy change: why governments take action to combat violence against women." Gender & development 21.2 (2013): 231-247.
3. The economic costs of violence against women. Remarks by UN Assistant Secretary-General and Deputy Executive Director of UN Women, Lakshmi Puri at the high-level discussion on the "Economic Cost of Violence against Women. UN Women. https://www.unwomen.org/en/news/stories/2016/9/speech-by-lakshmi-puri-on-economic-costs-of-violence-against-women
4. Counting the Cost: The Price Society Pays for Violence Against Women. CARE Australia, 2017 & CARE International Sri Lanka, 2014. https://www.care-international.org/files/files/Counting_the_costofViolence.pdf
5. Walby, S. (2004) The Cost of Domestic Violence, p.97-98. London: Women and Equality Unit, Ministry of Women and Equality. https://eprints.lancs.ac.uk/id/eprint/55255/1/cost_of_dv_report_sept04.pdf
6. Hoel, H., Sparks, K. & Cooper, C.L. (2001). The Cost of Violence/Stress at Work and the Benefits of a Violence/Stress Free Working Environment, p.5. International Labour Organization, Geneva, Switzerland https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---ed_protect/---protrav/--safework/documents/publication/wcms_108532.pdf
7. Mercy, J., et al. Interpersonal Violence: Global Impact and Paths to Prevention. http://dcp-3.org/chapter/1219/interpersonal-violence-global-impact-and-paths-prevention
8. Официјална интернетска страница на UN Women. (2013) Gender Responsive Budgeting | UN Women – Europe and Central Asia
9. Официјална интернетска страница на UNFPA. (2017). VAW Map September 14 2017 (unfpa.org)
10. Duvvury et al., (2016). Estimating Resource Requirements for Responding to Violence against women in South East Asia: Synthesis of Findings and Lessons.https://www2.unwomen.org//media/field%20office%20eseasia/docs/publications/2016/06/estimating-cost-requirements-vaw-r3.pdf?la=en&vs=802


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384